# БДП според производниот метод, по тековни цени, на тримесечно ниво

## МС_БДП.ПТ.3_Q_МК_2020_4

## Референтни метаподатоци според ESMS 2.0 структура

| | |
|---|---|
| **1** | **Контакт** |
| | |
| **1.1** | **Организација/ институција за контакт** |
| Државен завод за статистика | |
| **1.2** | **Организациска единица за контакт** |
| Одделение за квартална пресметка на БДП и пресметка на БДП по постојани цени | |
| **1.3** | **Лице за контакт** |
| Ленче Неданоска | |
| **1.4** | **Звање на лицето за контакт** |
| Раководител на одделение | |
| **1.5** | **Поштенска адреса** |
| ул. „Даме Груев“ бр. 4, 1000 Скопје, Република Северна Македонија | |
| **1.6** | **Електронска адреса** |
| lence.nedanoska@stat.gov.mk | |
| **1.7** | **Телефонски број** |
| 0038923295783 | |
| **1.8** | **Факс** |
| 0038923111336 | |
| **2** | **Ажурирање метаподатоци** |
| | |
| **2.1** | **Последна потврда на метаподатоците** |
| 24/12/2018 | |
| **2.2** | **Последна објава на метаподатоците** |
| 17/01/2017 | |
| **2.3** | **Последно ажурирање на метаподатоците** |

25/01/2023

## 3 Статистичка презентација

### 3.1 Опис на податоците

Податоци за пресметана бруто-вредност на производството, бруто-додадена вредност, нето даноци на производи, по тековни цени, на тримесечно ниво.

### 3.2 Систем на класификации

Национална класификација на дејностите - НКД Рев.2.

### 3.3 Опфат на сектор/и

Сектори на НКД Рев.2 (A*10)
А-Земјоделство, шумарство и рибарство
БВГД-Рударство и вадење на камен; Преработувачка индустрија; Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација; Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината
В-Преработувачка индустрија
Ѓ-Градежништво
ЕЖЗ-Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли; Транспорт и складирање; Објекти за сместување и сервисни дејности со храна
Ѕ-Информации и комуникации
И-Финансиски дејности и дејности на осигурување
Ј-Дејности во врска со недвижен имот
КЛ-Стручни, научни и технички дејности; Административни и помошни услужни дејности
ЉМН-Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување; Образование; Дејности на здравствена и социјална заштита и
ЊОП-Уметност, забава и рекреација; Други услужни дејности; Дејности на домаќинствата како работодавачи; дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби

### 3.4 Статистички концепти и дефиниции

Бруто-вредност на производството преставува вредност на произведените стоки и извршените услуги во текот на едно тримесечје.
Бруто-додадената вредност се пресметува како разлика на бруто-вредноста на производството и меѓуфазната потрошувачка.
Бруто-домашниот производ се пресметува како збир на бруто-додадената вредност и даноците на производи пресметани на тримесечно ниво.
Пресметаните податоци за бруто-вредноста на производството, бруто-додадената вредност, даноците на производи, по тековни цени, на тримесечно ниво, се усогласени според: ЕСС 2010; Системот на национални сметки СНС2008; Прирачникот „Тримесечни национални сметки" на ММФ,2001; Прирачникот „Тримесечни национални сметки" на Евростат, 2013.

### 3.5 Статистичка единица

| | |
|---|---|
| **3.6** | **Статистичка популација** |
| | |
| **3.7** | **Референтна област** |
| Република Северна Македонија | |
| **3.8** | **Временска покриеност** |
| Од првото тримесечје на 1997 во согласност со ЕСС 95 и Класификацијата на дејности НКД Рев.1.<br>Од првото тримесечје на 2000 во согласност со ЕСС 2010 и Класификацијата на дејности НКД Рев.2. | |
| **3.9** | **Базен период** |
| | |
| **4** | **Единица на мерење** |
| Милиони денари. | |
| **5** | **Референтен период** |
| Тримесечие. | |
| **6** | **Институционален мандат** |
| | |
| **6.1** | **Законски акти и други договори** |
| Национални:<br><br>Национални: Закон за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14 и 192/15,27/16,83/18 и220/18) и Програма за статистички истражувања 2018-2022 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/13, 24/14, 13/15 и 22/18).<br><br>Меѓународни:<br>-Европски систем на сметки ЕСС 2010 Регулатива (ЕЗ) бр. 549/2013 на Советот на Европа од 21 мај 2013 година на Европскиот систем на национални и регионални сметки во текстот на Европската Унија со важност за ЕЕО;<br>-Систем на национални сметки СНС2008 (Меѓуминистерска работна група на Секретаријатот за национални сметки (ISWGNA), кој се состои од пет организации: Заводот за статистика на ЕЗ (Евростат), Меѓународниот монетарен фонд (ММФ), Организацијата за економска соработка и развој (OECD), Статистичкиот оддел на Обединетите нации и регионалните комисии на Обединетите нации, Секретаријатот и Светската банка). | |
| **6.2** | **Споделување на податоци** |
| Тримесечни податоци до: Евростат, ММФ и ОН. | |
| **7** | **Доверливост** |
| | |
| **7.1** | **Доверливост - политика** |

Податоците се заштитени со Законот за државната статистика. Податоците што се прибираат од извештајните единици преку статистичките истражувања или индиректно, од административни или од други извори, се доверливи податоци и се користат исклучиво за статистички цели. Резултатот на статистичката обработка може, исто така, да генерира информации кои се сметаат за доверливи, на пример: анонимизирани индивидуални податоци, табели со многу ниско ниво на агрегација, како и сè уште необјавени податоци. Политиката за статистичка доверливост ги содржи основните начела што се применуваат во ДЗС.

## 7.2 Доверливост - третирање на податоците

Прибраните податоци на ова аналитичко истражување се користат како импут за пресметка на потребните индикатори од кои понатаму се пресметува БДП според производниот метод, по тековни цени.
Бидејќи дел од тие податоци не се објавени и се добиени на комбиниран начин (статистички истражувања на ДЗС, Министерството за финансии, Управата за јавни приходи и други релевантни институции), тие се заштитени со Законот за државната статистика.

# 8 Политика за објавување

## 8.1 Календар на објавување

Објавувањето на податоците е во согласност со Календарот на навременост кој се објавува на веб-страницата на Државниот завод за статистика. Календарот на навременост се подготвуваа еднаш годишно, пред почетокот на календарската година.

## 8.2 Пристап до Календарот на објавување

http://www.stat.gov.mk/Kalendar_nov.aspx

## 8.3 Кориснички пристап

Во согласност со Политиката за дисеминација, сите корисници имаат еднаков пристап до статистичките податоци во исто време. Податоците се објавуваат на веб-страницата истовремено за сите корисници кои се информираат од Календарот на навременост и ниеден корисник нема привилегиран третман.

# 9 Фреквенција на дисеминација

Тримесечна.

# 10 Достапност и јасност

## 10.1 Соопштенија

Тримесечно соопштение: „Бруто-домашен производ, тримесечни податоци".
http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=31

## 10.2 Публикации

| 10.3 | Онлајн база на податоци |
|---|---|
| МАКСтат база на податоци достапна на веб-страницата на ДЗС.<br>http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef | |
| **10.4** | **Пристап до микроподатоци** |
| Во согласност со Законот за државната статистика (член 41) и со Политиката за пристап до анонимизирани микроподатоци за научно-истражувачки цели, податоците што се прибрани за потребите на официјалната статистика може да се користат за научно-истражувачки цели ако не е загрозена нивната директна или индиректна идентификација, т.е. откривањето на индивидуалноста на податокот. Пристапот до микроподатоци е возможен само во просторија на ДЗС, а врз основа на претходно доставено и одобрено барање и потпишан договор.<br>http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=22<br><br>БДП според производниот метод, по тековни цени, на тримесечно ниво не се пресметува како микроподаток | |
| **10.5** | **Друго** |
| Податоците кои се испраќаат во Евростат во SDMX формат се објавени на веб-страницата на оваа институција. | |
| **10.6** | **Документација за методологијата** |
| Методолошките објаснувања се објавени на веб-страницата на Државниот завод за статистика.<br>http://www.stat.gov.mk/MetodoloskiObjasSoop.aspx?id=31&rbrObl=7 | |
| **10.7** | **Документација за квалитетот** |
| | |
| **11** | **Управување со квалитет** |
| | |
| **11.1** | **Обезбедување на квалитетот** |
| Посветеноста на ДЗС за обезбедување на квалитет на производите и на услугите е содржана во Законот за државната статистика, Стратегијата на Државниот завод за статистика (http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=6) и Политиката за квалитет на Државниот завод за статистика (http://www.stat.gov.mk/pdf/Politika_za_kvalitet_mk.pdf), како и во постојаните напори за усогласување со Кодексот на работа на европската статистика.<br>Главните аспекти и процедури за управување со квалитет во фазите и потпроцесите од Статистичкиот бизнис процес модел, како и добрите практики и насоките за обезбедување на квалитет се документирани во интерен документ „Упатство за обезбедување на квалитет на статистичките процеси“.<br>Потребните влезни и излезни метаподатоци, како и релевантните индикатори за квалитет за одделни потпроцеси, се опишани во документот „Насоки за менаџерите на статистички истражувања“. | |

| | |
|---|---|
| **11.2** | **Оценка на квалитетот** |
| | |
| **12** | **Релевантност** |
| | |
| **12.1** | **Потреби на корисниците** |

Пресметаниот БДП според производниот метод, по тековни цени, на тримесечно ниво го користи: Владата на Република Македонија со цел креирање на економската политика и развој, Народната банка на РСМ која врши проекци за движењето на БДП и предвидениот раст на економијата, одредени организации и лица за нивна поединечна употреба итн.

| | |
|---|---|
| **12.2** | **Задоволство на корисниците** |

Почнувајќи од 2009 година, Државниот завод за статистика на секои три години спроведува Анкета за задоволство

| | |
|---|---|
| **12.3** | **Комплетност** |

Во однос на индикаторите кои се предвидени според регулативите на Европската комисија, ДЗС обезбедува околу 100% од нив.

| | |
|---|---|
| **13** | **Точност и веродостојност** |
| | |
| **13.1** | **Севкупна точност** |

Не е применливо.

| | |
|---|---|
| **13.2** | **Примерочни грешки** |

Не е применливо.

| | |
|---|---|
| **13.3** | **Непримерочни грешки** |

Не е применливо.

| | |
|---|---|
| **14** | **Навременост и точност** |
| | |
| **14.1** | **Навременост** |

Т+62

| | |
|---|---|
| **14.2** | **Точност** |

Податоците се објавени во утврдените рокови во согласност со Календарот на навременост.

| | |
|---|---|
| **15** | **Кохерентност и споредливост** |
| | |
| **15.1** | **Географска споредливост** |

Податоците се произведуваат на национално ниво. Споредливоста е обезбедена на меѓународно ниво.

| | |
|---|---|
| **15.2** | **Временска споредливост** |

Од првото тримесечје на 1997 во согласност со ЕСС 95 и Класификацијата на дејности НКД Рев.1.
Од првото тримесечје на 2000 во согласност со ЕСС 2010 и Класификацијата на дејности НКД Рев.2.

| 15.3 | **Меѓудоменска кохерентност** |
|---|---|

Податоците се делумно кохерентни.
За пресметка на БДП според производниот метод, по тековни цени, на тримесечно ниво, се користат податоци од други статистички истражувања на ДЗС, Министерството за финансии, Управата за јавни приходи.
Од овие податоци се пресметуваат соодветни индикатори кои се користат за пресметка на БДП според производниот метод, по тековни цени, на тримесечно ниво.
Пресметаните податоци за БДП по производен метод, по тековни цени, на тримесечно ниво, според НКД Рев.2, се споредуваат со податоците од останатите стручни одделенија - деловни статистики при Државниот завод за статистика.
Пред да се споредат податоците, прво се разгледуваат методологиите за пресметка на соодветните сектори на НКД Рев.2 од Деловните статистики и Национални сметки, а потоа се врши сведување на методолошките разлики на највисоко ниво на споредливост со цел да се изврши проверка на веродостојноста и точноста на прибраните податоци од ова аналитичко истражување со останатите истражувања.

| 15.4 | **Внатрешна кохерентност** |
|---|---|

Внатрешната кохерентност на податоците е обезбедена.
Пресметаните податоци за БДП по тековни цени, по производен метод, на тримесечно ниво, врз основа на претходно пресметаните индикатори добиени од дополнителните пресметки на доставените податоци од други статистички истражувања на ДЗС, Министерството за финансии, Управата за јавни приходи и други релевантни институции, се проценети податоци.
Овие проценети податоци се усогласуваат со доставените првични нецелосни податоци од завршните сметки од Централниот регистар и се распределуваат врз основа на истите пресметани индикатори (како и проценетите податоци) на тримесечно ниво.
Со добивањето на дефинитивните податоци за завршните сметки од Управата за јавни приходи, повторно се врши бенчмаркирање и распределување на годишните податоци за БДП по тековни цени, по производен метод, на тримесечно ниво, како дефинитивен податок.
Со добивањето на дефинитивните податоци за БДП по тековни цени, по производен метод, на тримесечно ниво, се вршат дополнителни анализи и споредба помеѓу проценетите, претходните и дефинитивните податоци со цел утврдување на причините за разликите на овие три видови на податоци.

| 16 | **Трошок и оптовареност** |
|---|---|

| 17 | **Ревизија на податоците** |
|---|---|

| 17.1 | **Политика за ревизија на податоците** |
|---|---|

Во согласност со Политиката за ревизија на податоци во ДЗС.
http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=25

| 17.2 | **Практика за ревизија на податоците** |
|---|---|

Ревизија на податоците се прави со промена на СНС2008, ЕСС 2010.
Помали или поголеми ревизии на пресметаниот БДП според производниот метод, по тековни цени, на тримесечно ниво, се вршат во зависност од настанатите промени на претходно доставените податоци од другите статистички истражувања на ДЗС, Министерството за финансии, Управата за јавни приходи и други релевантни институции, а кои се користат како импут за пресметка на БДП според производниот метод, по тековни цени, на тримесечно ниво.

Редовна ревизија на на пресметаниот БДП според производниот метод, по тековни цени, на тримесечно ниво, се прави еднаш годишно во месец декември заклучно со третото тримесечје од годината.

Причина за ревизија на овие податоци може, исто така, да бидат и промените на европско ниво како што се промената на Европскиот систем на сметки ЕСС95, ЕСС 2010; Системот на национални сметки СНС93, СНС2008, промените на Националната класификација на дејностите итн.

| 18 | **Статистичка обработка** |
|---|---|

| 18.1 | **Извори на податоци** |
|---|---|

Извор на податоците се: статистичките истражувања на ДЗС, Министерството за финансии, Управата за јавни приходи и други релевантни институции.

| 18.2 | **Фреквенција на прибирање податоци** |
|---|---|

Тримесечна.

| 18.3 | **Прибирање на податоците** |
|---|---|

Прибирањето на податоци се врши на тримесечно ниво на комбиниран начин (електронски од други статистички одделенија и административни извори; и по пат на примерок од Тримесечниот извештај за пресметка на додадената вредност и инвестициите во основни средства ДВ.КВ.ИН).

| 18.4 | **Проверка на податоците** |
|---|---|

Проверка на податоците се врши во текот на целиот процес на обработка и пресметка во согласност со критериумите за пресметка на соодветните индикатори.

| 18.5 | **Компилирање податоци** |
|---|---|

Едитирање: Прибираните податоци потребни за пресметка на БДП според производниот метод, по тековни цени, на тримесечно ниво, се пресметуваат според дефинираните правила за пресметка во Excel формат.

| | |
|---|---|
| **18.6** | **Прилагодување** |
| | |
| **19** | **Коментар** |
| | |
| **A.1** | **Анекси** |
| | |